# ‚Не убивај го, зашто ако го убиеш, тој ќе биде во твојата положба пред да го убиеш, а ти ќе бидеш во неговата положба во која тој беше пред да ги каже тие зборови кои ги кажал.‘“

Микдад ибн Амр ел-Кинди, радијаллаху анху, пренесува: Дека му рекол на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам: „‚Што мислиш ако сретнам некој од неверниците и се бориме, а тој со сабјата ми ја отсече раката, а потоа избега, криејќи се позади дрво, и тогаш каже: – Го прифаќам исламот во име на Аллах –, дали смеам да го убијам, о Аллахов Пратенику, откако ќе го каже тоа?‘ Аллаховиот Пратеник рече: ‚Не убивај го.‘, тој продолжи: ‚О, Аллахов Пратенику, тој ми ја отсече едната рака, а потоа го кажа тоа?‘ Тогаш Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, рекол: ‚Не убивај го, зашто ако го убиеш, тој ќе биде во твојата положба пред да го убиеш, а ти ќе бидеш во неговата положба во која тој беше пред да ги каже тие зборови кои ги кажал.‘“
[صحيح] [متفق عليه]

Микдад бин ел-Есвед, радијаллаху анху, го прашал Пратеникот, алејхи селам, доколку во борба сретне неверник и се борат со сабји, па неверникот го удри и му ја отсече раката со мечот, а потоа тој бега од него и се засолнува зад некое дрво и кажува: „Ла илахе иллаллах (нема друго божество освен Аллах)“ дали ми е дозволено да го убие откако му ја отсекол раката? Аллаховиот пратеник, алејхи селам, му одговорил: „Не го убивај.“ Микдад рече: „О Аллахов пратенику, тој ми ја отсече едната рака, зарем и после тоа да не го убијам?!“ Тој, алејхи селам, рече: „Не убивај го, бидејќи е забрането таквиот да се убива. Ако го убиеш откако го прифатил исламот, тој ќе биде во твојата состојба каде животот ќе му биде заштитен, а ти ќе бидеш во неговата состојба со тоа што ќе биде дозволено твоето убивање како одмазда за убиството кое го направи.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee